Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Arsimit dhe Shkencës

# ПРАВИЛНИК

**за начинот на распределба на средствата за Државните средни училишта**

Скопје, 2025 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација на работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/02, 44/02, 82/03 и 121/24) и член 102 став 2 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 64/18 и „Службен весник бр. 229/20,78/25 и 132/25), министерката за образование и наука донесе:

**Правилник**

**за начинот на распределба на средствата за Државните средни училишта**

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат критериуми за распоредување на средства за Државните средни училишта, од сметката буџетски расходи за ставките и потставките од буџетските категории 42-стоки и услуги, 46-Субвенции и трансфери и 48-Капитални расходи.

Пресметките за распоредување на средствата се вршат врз основа на показатели за Државните средни училишта, документација и барања, а врз основа на расположливите средства утврдени во Буџетот.

Средствата на Државните средни училишта се распоредуваат со финансиски планови врз основа на показатели за Државните средни училишта, документација и барања, согласно законските прописи и вкупните средства за оваа намена утврдени со Буџетот и Законот за извршување на Буџет за фискалната година.

Член 2

Средствата од ставка 420- Патни и дневни расходи се распоредуваат со финансиски план, согласно законските прописи и вкупните средства за оваа намена утврдени со Буџетот и Законот за извршување на Буџет за фискалната година.

Член 3

Средствата од ставката 421 – Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, се однесуваат на трошоци за електрична енергија, вода, канализација и други комунални такси и услуги , ѓубретарина, комуникациски услуги, како и горива, масла и регистрација на моторни возила се распоредуваат со финансиски план, согласно законските прописи и вкупните средства за оваа намена утврдени со Буџетот и Законот за извршување на Буџет за фискалната година.

А) Средствата за **електрична енергија**, **вода и канализација, ѓубретарина** се распоредуваат и тоа:

1) За државните средни училишта ДУФК „Методија Митевски- Брицо“ Скопје, ДСУРЦ „Св. Наум Охридски“ Скопје , ДСУЛУД „Лазар Личеновски“ Скопје, ДСУРЦ „Партение Зографски“ Скопје, ДСУРЦ „Искра“ Штип, Државно музичко училиште Битола за греење во целосен износ;

2) За ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“, ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ Штип, ДМУ „Тодор Скаловски Тетоец“ Тетово и ДСУРЦ „Димитар Влахов“ Скопје -50% од износот.

Б) **Средствата за комуникациски услуги** се распоредуваат со финансиски план, за фискалната година според бројот на паралелките и тоа:

До 10 паралелки-------------------до 96.000 денари

Од 11-20 паралелки---------------до 120.000 денари

Од 21 паралелка и повеќе--------до 144.000 денари

А) **Средствата за затоплување** се распоредуваат со утврдување на Финансискиот план за затоплување за фискалната година според објавените цени на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија и реалните цени на пазарот на огревните материјали, а количините се утврдуваат годишно според видот на огревниот материјал за затоплувањето, сменската работа и површината на објектите што се загреваат и тоа:

1) Сопствено парно греење на течно гориво:

| Број на смени | Количина во литри по 1м2 нето покриена површина што се загрева | |
|---|---|---|
| | Основен норматив | Норматив за екстремни услови |
| Една смена | 8 | 10 |
| Две смени | 10 | 12 |
| Три смени | 14 | 15 |

2) Сопствено парно греење на дрва:

| Број на смени | Количини по училници | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Основен норматив | | Норматив за екстремни услови | |
| | Кубни метри (м3) | Просторни метри (ПРМ) | Кубни метри (м3) | Просторни метри (ПРМ) |
| Една смена | м2површина*0,05 | м3*1,42 | м2површина*0,06 | м3*1,42 |
| Две смени | м2површина*0,07 | м3*1,42 | м2површина*0,08 | м3*1,42 |

3) Централно парно греење – топлинска енергија:

Средствата за користење на топлинска енергија се распоредуваат со финансиски план, согласно законските прописи и вкупните средства за оваа намена утврдени со Буџетот и Законот за извршување на Буџет за фискалната година.

За ДСУРЦ „Димитар Влахов“ Скопје и ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“ Скопје - 50% од износот .

Член 4

Средствата од ставка 423 – Материјали и ситен инвентар, се однесуваат на трошоци за административни материјали, набавка на стручна литература, образовни материјали, средства за наставно-образовани помагала, материјали за поправка и одржување, средства за одржување на хигиена, ситен инвентар и други материјали се распоредуваат со финансиски план, согласно законските прописи и вкупните средства за оваа намена утврдени со Буџетот и Законот за извршување на Буџет за фискалната година според бројот на паралелките и тоа:

До 10 паралелки-------------------до 240.000 денари

Од 11-20 паралелки---------------до 384.000 денари

Од 21 паралелка и повеќе--------до 516.000 денари

За ДСУЛУД „Лазар Личеновски„ Скопје поради специфичноста на образованиот процес се утврдува износ до 384.000 денари.

Член 5

Средствата на ставка 424 – Поправки и тековно одржување се однесуваат на трошоци за дезинсекција, дезинфекција и дератизација, поправки и сервисирање на возила, поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема, сервисирање и полнење на ПП апарати, поправка и одржување на згради, опрема и машини и друго. Се распоредуваат со финансиски план, согласно законските прописи и вкупните средства за оваа намена утврдени со Буџетот и Законот за извршување на Буџет за фискалната година.

Член 6

Средствата од ставка 425 – Договорни услуги се однесуваат на трошоци за здравствени прегледи на вработените, осигурување на имот и возила и други финансиски услуги, договорни услуги поврзани со образованието, изнајмување на простор и опрема, превозни услуги во образованието и други договорни услуги. Средствата се распоредуваат

со финансиски план, согласно законските прописи и вкупните средства за оваа намена утврдени со Буџетот и Законот за извршување на Буџет за фискалната година.

Член 7

Средствата од ставка 426-Други тековни расходи се однесуваат на трошоци за членарини, огласи, регистрација и пререгистрација на средни училишта, организирање на натпревари, семинари, јубилеи и други оперативни расходи. Се распоредуваат со финансиски план, согласно законските прописи и вкупните средства за оваа намена утврдени со Буџетот и Законот за извршување на Буџет за фискалната година.

Член 8

Средствата од ставка 464 – Разни трансфери се однесуваат на трошоци за исплата на отпремнина за пензионирање, солидарна помош, непрекинато боледување подолго од шест месеци, јубилејни награди и други трансфери. Се распоредуваат со финансиски план, согласно законските прописи и вкупните средства за оваа намена утврдени со Буџетот и Законот за извршување на Буџет за фискалната година.

Член 9

Средствата од ставките 480 - Купување на опрема и машини, 482- Други градежни објекти, 483 – Купување на мебел, 485- Вложувања и нефинансиски средства, се распоредуваат со финансиски план, согласно законските прописи и вкупните средства за оваа намена утврдени со Буџетот и Законот за извршување на Буџет за фискалната година.

Средствата од ставка 486 - Купување на возила се одобруваат со посебно решение на министерот за образование и наука по доставено барање од училиште со образложение за потребата и оправданоста и проценка на набавната вредност на возилото.

Член 10

Министерството за образование и наука во зависност од одобрените средства во Буџетот за тековната година за програма 3 потпрограма 30, сметката буџетски расходи за ставките и потставките од буџетските категории 42-стоки и услуги, 46-Субвенции и трансфери и 48-Капитални расходи може да се изврши измена на финансиските планови кои се распределуваат на Државните средни училишта.

Член 11

Државните средни училишта се обврзуваат средствата да ги користат рационално и строго наменски, согласно законските прописи, подзаконските акти, интерните акти и стандардите на етичко однесување.

Член 12

Со денот на започнувањето на примената на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за мерилата и критериумите за распоредување на средства за материјални трошоци на државните средни училишта број 18-2933/1 од 29.02.2024 година.

Член 13

Овој Правилник стапува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Министерка за образование и наука,**
**проф. д-р Весна Јаневска, с.р**

Бр. 13-14043/1
05.11.2025 година
Скопје